## ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ВО ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2019 ГОДИНА

---

Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпадот („Сл.весник на РМ„ бр. 68/04...63/16) и член 21 од Статутот на општина Босилово („Сл. гласник на општина Босилово„ бр. 24/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден ____________2019 година донесе:

## ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ВО ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2019 ГОДИНА

1. **Процена на видот и количеството на различните видови отпад**

Врз основа на Планот за управување со отпад, на територијата на општина Босилово за 2019 година се очекува да се создадат околу 2.500 тони комунален отпад. Од генерираниот отпад се очекува 75% од истиот да биде организирано собран, транспортиран и одложен на привремените прифатилишта за комунален отпад во населените места во општина Босилово од страна на ЈПКД „Огражден„ - Босилово.

Составот на отпадот, односно учеството на поодделните фракции на комуналниот отпад не е анализирана од страна на ЈПКД "Огражден". Врз основа на предходно направените анализи за составот на комуналниот отпад, со примена на стандардизирани техники (методи), што беа пропишани во рамки на Националниот план за управување со отпад – Специјална студија за состав на отпад, беше утврдено учеството на секоја од поодделните фракции на комуналниот отпад.Процентуалниот состав на посебните фракции отпад се претпоставува дека ќе биде сличен со оној кој што е на национално ниво:

| Фракција | Застапеност(%) | |
|---|---|---|
| Органски отпад | 26,2% | |
| Дрво | 2,7% | |
| Хартија и картон | 11,6% | |
| Пластика | 9,7% | |
| Стакло | 3,5% | |
| Текстил | 2,9% | |